Interreg - IPA CBC
Greece - The former Yugoslav Republic of Macedonia
IBiSEAit

**Project "Increase Innovative Business in Sea, Environment & Agriculture and IT"**

Ref. No: IBiSEAit – CN1 – SO1.1 – SC034.

Оваа програма е кофинансирана од страна на Европската Унија и Националните фондови на земјите учеснички

Почитувани,

Ни претставува особена чест и задоволство да Ве поканиме на Форумот **„Со бизнис идеја до сопствен бизнис"**, кој се организира на 14 и 15 мај 2019 година, во хотел Есперанто, Струмица. Настанот го организира Центар за климатски промени, во рамките на проектот **„Зголемување на иновативниот бизнис поврзан со море, животна средина и земјоделство и ИТ"**, финансиран од Европската Унија, преку ИПА програмата за прекугранична соработка Грција- Македонија.

На форумот ќе бидат дискутирани и презентирани добри практики за отпочнување сопствен бизнис, потребите од бизнис план и стратешко планирање, како да ја зголемите продажбата, како да ги позиционирате и промовирате своите производи, а исто така ќе бидат презентирани и можностите за финансирање на нови бизниси кои ги нуди Агенцијата за вработување, финансиски инструменти достапни за млади претприемачи во Фондот за иновации и технолошки развој и сл. Воедно, ќе биде презентиран и акцелераторот на знаења за мали и средни претпријатија а исто така и состојбата со претприемништвото во Југоисточниот регион.

*Главни говорници на Форумот се г-дин Калин Бабушку и г-дин Петар Лазаров од Македонија Експорт, признаени експерти од областа на основање и водење бизнис, луѓето кои го создадоа брендот Мамас кој се продава во повеќе од 40 земји во светот, „Tip of the Week" кој се продаде во 30.000 – 40.000 копии во 4 земји од светот, а кои во моментот работат на развој на 2 нови брендови.*

Бројот на учесници е ограничен на 30, а селекцијата ќе се одвива на принципот прв дојден прв услужен.
Сместувањето и оброците во текот на форумот се покриени од страна на организаторот.
Транспортните трошоци се рефундираат со приложување на автобуска карта, но износот на рефундација не може да надмине 600 ден.

Заинтересираните треба да испратат пополнета пријава (во прилог на овој маил) на: ckp.gevgelija@gmail.com, најдоцна до 13ти мај 2019.

Во прилог на оваа покана Ви ја доставуваме и агендата за настанот.
Повеќе информации за проектот на www.ibiseait.eu и www.ckp.org.mk

Со надеж дека ќе ја прифатите нашата покана и ќе пристуствувате на форумот, останувам со почит,

Бојана Станојевска Пецуровска
претседател,

Center for Climate Change – Skopje
Kozle-2 no. 18 - Skopje
Republic of Macedonia
ckp.skopje@gmail.com

Center for Climate Change – Gevgelija
Goce Delchev no. 74 – Gevgelija
Republic of Macedonia
ckp.gevgelija@gmail.com

Center for Climate Change – Ohrid
Dimitar Vlahov no. 14/12 – Ohrid
Republic of Macedonia
ckp.ohrid@gmail.com